08-24/2
05-08-2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година донесе

**Одлука**

Постапката по предмет со број 08-1286/1 од 22.02.2020 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-1286/1 од 22.02.2020 година.
Предметот со број 08-1286/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот број 08-11286/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива, а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2020 година.
ДКСК, од именуваниот побара податоци за членовите на нејзиното семејство со кои живее во заедничко домаќинство.
Од страна на именуваниот беа доставени бараните податоци.
ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ------------------- и членовите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.
ДКСК исто така побара информација од ---------------- за тоа кога ------------------ е избрана за претседател на -----------------------. Од страна на --------------- е доставено известување дека именуваната е избрана на 03.10.2019 година.

ДКСК утврди дека именуваната има поднесено анкетен лист за ибор на претседател на ------------------------- по законски утврдениот рок по што Државната комисија издаде прекршочен платен налог.

Согласно со чл.41 став 1, 4, 7 и 9 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ" бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не можеда се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот на последното дејствие на прекршокот.

Во конкретниот случај, именувањето на лицето ----------------------- за претседател на ------------------------ на ден 03.10.2019 година и согласно со чл.82 ст 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, истата имала обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на именувањето, односно до 03.11.2019 година, да поднесе анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека од денот на издавање на прекршочниот платен налог се изминати повеќе од две години а не е превземено дополнително дејствие за гонење на сторителот настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: м-р Б. С. советник
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Претседател,
Татјана Димитровска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk